Уп. бр. 08-93

Комисијата за заштита на конкуренцијата врз основа на член 28 и член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 145/10, 136/11, 41/2014, 53/16 и 83/18), а постапувајќи по известувањето за концентрација поднесено од друштвото Јунајтед Груп Бугарија ЕООД (Юнайтед Груп България) со регистрирано седиште на ул. Алабин бр.56, 2ри спрат, 1000 Софија, Бугарија преку адвокат Љупка Новеска Андонова од Скопје, на седницата одржана на ден 26.12.2019 година, го донесе следното

# Р Е Ш Е Н И Е

1.Се утврдува дека концентрацијата со која Јунајтед Груп Бугарија ЕООД (Юнайтед Груп България) со регистрирано седиште на ул. Алабин бр.56, 2ри спрат, 1000 Софија, Бугарија, ќе стекне самостојна контрола над Вива Телеком Бугарија ООД (Вива Телеком България) со регистрирано седиште на ул. Проф. Фридтјоф Нансен, бр. 37А, 5ти спрат, 1142 Софија, Бугарија, преку купопродажба на удели, иако потпаѓа под одредбите од Законот за заштита на конкуренцијата, нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците и **е во согласност со одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата во смисла на член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.**

2.Се задолжува подносителот на известувањето за концентрација да плати административна такса за известување за концентрација во износ од 6.000,оо ден. и за решението во износ од 30.000,оо ден., по тарифен број 34 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија“ бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04, 95/05, 7/06, 70/06, 92/07, 88/08, 130/08, 6/10, 145/10, 17/11) на сметка на Буџетот на Република Северна Македонија бр. 100000000063095, уплатна сметка 840...03161, приходна шифра и програма 72231300.

3.Тужбата за поведување на управен спор не го одлага извршувањето на решението.

## О б р а з л о ж е н и е

Согласно одредбите од член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Законот), на ден 22.11.2019 година, а дополнето на ден 10.12.2019 година до Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Комисијата), доставено е известување за концентрација

од страна на Јунајтед Груп Бугарија ЕООД (Юнайтед Груп България) со регистрирано седиште на ул. Алабин бр.56, $2^{ри}$ спрат, 1000 Софија, Бугарија, со која Јунајтед Груп Бугарија ЕООД (Юнайтед Груп България) ќе стекне самостојна контрола над Вива Телеком Бугарија ООД (Вива Телеком България) со регистрирано седиште на ул. Проф. Фридтјоф Нансен, бр. 37А, $5^{ти}$ спрат, 1142 Софија, Бугарија, преку купопродажба на 100% од уделите.

Комисијата започна со испитување на Известувањето со денот на неговиот прием и врз основа на податоците доставени во Известувањето за концентрација, прилозите и дополнувањето кон истото го утврди следното:

**Основни деловни активности на засегнатите претпријатија:**

-**Јунајтед Груп Бугарија ЕООД** е контролирано од инвестицискиот фонд BCEC X, крајно советувани од БЦ Партнерс (BC Partners), меѓународен инвестициски фонд со седиште во Лондон. Јунајтед Груп Бугарија ЕООД е дел од потесната група во рамки на БЦ Партнерс - Јунајтед Груп (United Group), која обезбедува на Балканот телекомуникациски услуги и услуги поврзани со содржини.

БЦ Партнерс во Република Северна Македонија е присутна преку следните индиректно зависни друштва:

> -**Тотал ТВ ДОО Скопје**, со регистрирано седиште на Булевар ВМРО бр. 3, Центар, Скопје, Северна Македонија, а кое се бави со дистрибуција на медиумски содржини преку DTH техничка платформа и
>
> -**ДИРЕЦТ МЕДИА ДООЕЛ Скопје**, со регистрирано седиште на Орце Николов 68/3, Центар, Скопје, Северна Македонија, а кое се бави со маркетиншки дејности.

Исто така, на територијата на Република Северна Македонија БЦ Партнерс, преку Јунајтед Груп, се присутни со обезбедување на следните услуги:

-Телевизиски канали кои се емитуваат од страна на поврзани лица, односно реемитуваат од страна на локални оператори, вклучувајќи ги N1, Grand, Cinemania, Sport Klub, Fight Channel, Pikaboo, Vavoom, IDJTV, Lov i Ribolov, Brainz, Nova S итн. (Јунајтед Медиа (United Media));

-Услуги за огласување (Кас Медиа (Cas Media)) и

-Телекомуникациски услуги (ТОТАЛ ТВ ДОО Скопје; минимални приходи на локалниот пазар остваруваат Србија Бродбенд – Српске кабловске мреже д.о.о. Белград (Serbia Broadband – Srpske kablovske mreže d.o.o. Beograd) и Телемах д.о.о. Љубљана (Telemach d.o.o. Ljubljana)).

- **Вива Телеком Бугарија ООД** претставува првиот телекомуникациски оператор во Бугарија, кој обезбедува персонализирани услуги на своите клиенти: мобилни и фиксни гласовни услуги; широкопојасен пристап на интернет со голема брзина преку оптички влакна, бакар и сателитска

инфраструктура; услуги за пренос на податоци преку мобилни и фиксни мрежи; и индивидуални телекомуникациски решенија.

Вива Телеком Бугарија ООД нема поврзани друштва, подружници, претставништва или било какво друго присуство во Република Северна Македонија. Единствените услуги на Вива Телеком Бугарија ООД се однесуваат на продажба на стандарден меѓународен роаминг и меѓународни услуги за дата (податоци).

Комисијата утврди дека пријавената концентрација потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата, бидејќи ги исполнува условите од член 12 став (1) точка 2) и од член 14 став (1) точка 1) и 2) од Законот.

Комисијата, имајќи ги предвид критериумите од член 17 став (2), став (3) и став (4) од Законот и точка 6 б) од *Насоките за уврдување на случаите во кои при оценка на концентрациите Комисијата за заштита на конуренцијата вообичаено ќе утврди дека истите се во согласност со Законот за заштита на конкуренцијата*, оцени дека пријавената концентрација, иако потпаѓа под одредбите од Законот, е во согласност со истиот бидејќи нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминатната позиција на учесниците.

Имајќи ја предвид ваквата оценка на концентрацијата, Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова Решение, согласно член 19 став (1) точка 2) од Законот.

Согласно член 53 став (2) од Законот, тужбата не го одлага извршувањето на решението.

**Упатство за правно средство:**

Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на неговото доставување.

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Д-р Владимир Наумовски**